современост бр. 2-3/1976

# СО ВРЕ МЕ НО СТ

СОДРЖИНА


МИОДРАГ ДРУГОВАЦ: Димитар Митрев (1919—1976) * РИСТО Ѓ. ЈАЧЕВ: Беше тоа минатото лето * ЈОВИЦА АЌИН: Книжевната критика и материјалистичкото читање (I) * ТОДЕ ИЛИЕВСКИ: Цветови * АЛДО КЛИМАН: Чекори од седум милји * ГЛИГОР СТОЈКОВСКИ: Преполовено знаме на белите патишта * МИЛЕ МАНЕВСКИ: Камен месечина * МИЛОВАН СТЕФАНОВСКИ: Пат низ вселената * Д-Р НАДА МОМИРОВСКА: Социјалната и борбената мотивика како единство на универзалните вредности во поезијата на Коста Рацин * АЛЕКСАНДАР АЛЕКСИЕВ: Творештвото на Ристо Крле (1900—1975) — исклучителна појава во нашата литература * СОФЕ ШТЕРЈОСКИ: Квечерни одгласи * БЛАГОЈА КУНОСКИ: Филм-критика-публика * БРАНКО ЦВЕТКОСКИ: Сенка * ЈАНЕ КОЏАБАШИЈА: Апотеоза на минатото * ВАСИЛ КУНОСКИ: Претпразнични вечери * МИЛОШ КОРДИЌ: Записи * ВЕЦКО М. ДОМАЗЕТОВСКИ: Нерамномерниот чекор на минувачите (Б. Варошлија: „Осамени минувачи") * НАУМЕ РАДИЧЕСКИ: Небесната магија на стихот (М. Нешовски: „Прозорец на сводот") * ИВАН ИВАНОВСКИ: Театарски преглед * ЉУПКА ДАМЈАНОВСКА: Кон самостојна изложба на Нове Франговски * М-Р ДУШКО ЦАЦКОВ: Глорификација на природата и убавината (М. Бебековски: „Возот на детството") * НАСО БЕЌАРОВСКИ: Библиографија на македонската ликовна уметност (од сп. „Нов ден" и „Хоризонт") * БИБЛИОТЕКА „СОВРЕМЕНОСТ" * ВАСИЛ ИЉОСКИ: Свадба.



ГОД. XXVI БРОЈ 2-3
ФЕВР. — МАРТ 1976

СО
ВРЕ
МЕ
НО
СТ

*литература*
*уметност*
*општествени*
*прашања*

Редакциски одбор:

**АЛЕКСАНДАР АЛЕКСИЕВ, РИСТО Ѓ. ЈАЧЕВ, Д-р ЈОНЧЕ ЈОСИФОВСКИ, САМЕ ЛИМАНИ, ВЛАДИМИР МИЛЧИН, ДИМИТАР МИТРЕВ (претседател), ТРАЈАН ПЕТРОВСКИ, Д-р БЛАЖЕ РИСТОВСКИ, ИВАН ЧАПОВСКИ**

Уредуваат:

**СИМОН ДРАКУЛ**
**ГЕОРГИ СТАЛЕВ (одг. уредник)**
**МИОДРАГ ДРУГОВАЦ**

Адреса: Списание „Современост" — Скопје, ул. Иво Рибар Лола б.б. (спроти ф-ка „Алумина"), пошт. фах 221, телефон 22-505, чек с/ка бр. 40100-678-1669, годишна претплата изнесува 80 динари, за странство 120 динари. Редакцијата прима секој ден од 10—12 часот. Ракописите не се враќаат. Редактирањето на овој број 9. III. 1976 год. Печатено во Графичкиот завод „Гоце Делчев" — Скопје, во месец март 1976 год., во 1330 примероци.

СОДРЖИНА

**Миодраг Друговац:** Димитар Митрев (1919—1976) — — — — 1
**Ристо Ѓ. Јачев:** Беше тоа минатото лето — — — — — — 8
**Јовица Акин:** Книжевната критика и материјалистичкото читање (I) — — — — — — — 12
**Тоде Илиевски:** Цветови — — 29
**Алдо Климан:** Чекори од седум милји — — — — — — — 31
**Глигор Стојковски:** Преполовено знаме на белите патишта — 56
**Миле Маневски:** Камен месечина 58
**Милован Стефановски:** Пат низ вселената — — — — — — 68

ОД МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНА ИСТОРИЈА

**Д-р Нада Момировска:** Социјалната и борбената мотивика како единство на универзалните вредности во поезијата на Коста Рацин — — — — 70
**Александар Алексиев:** Творештвото на Ристо Крле (1900—1975) — исклучителна појава во нашата литература — — — — 77
**Софе Штерјоски:** Квечерни одгласи — — — — — — — — 87

СИНЕАСТИЧКО ДОСИЕ

**Благоја Куноски:** Филм — критика — публика — — — — — 89
**Бранко Цветкоски:** Сенка — — 101

НОТНА ТРЕТРАТКА

**Јане Коџабашија:** Апотеоза на минатото — — — — — — 102

ОД МАКЕДОНСКАТА ДЕТСКА ЛИТЕРАТУРА

**Васил Куноски:** Претпразнични вечери — — — — — — — 110

ОД ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЛИТЕРАТУРИ

**Милош Кордиќ:** Записи — — — 116

КРИТИЧКИ ПРЕГЛЕД

**Вецко М. Домазетовски:** Нерамномерниот чекор на минувачите (Б Варошлија: „Осамени минувачи") — — — — — — 120
**Науме Радически:** Небесната магија на стихот (М. Нешовски: „Прозорец на сводот") — — 124
**Иван Ивановски:** Театарски преглед — — — — — — — — 126
**Љупка Дамјановска:** Кон самостојна изложба на Нове Франговски — — — — — — — 140
**М-р Душко Цацков:** Глорификација на природата и убавината (М. Бебековски: „Возот на детството") — — — — — 144

БИБЛИОГРАФСКИ ТРУДОВИ

**Насо Беќаровски:** Библиографија на македонската ликовна уметност (од сп. „Нов ден" и „Хоризонт") — — — — — — — 147

БИБЛИОТЕКА „СОВРЕМЕНОСТ"

**Васил Иљоски:** Свадба

БИБЛИОТЕКА
ФСУ-Ско

# ЧЕКОРИ ОД СЕДУМ МИЛЈИ

*Алдо Климан*

Појавниот свет има онолку форми колку што има постоечки свести за него, и уште толку умножени, колку што спомнатите свести се во состојба да вршат негови транскрипции. За големите, хармонични духови, кои творечкиот нагон ги фрла во тој хаос на можни вистини, без сомнение, постојат *приоритетни вистини,* најмали заеднички содржатели, што ги истражуваат и на кои им го даваат својот прилог. Горната констатација во голема мерка го усложнува разбирањето на творечкиот чин, кој е уграбена временска квинтесенција, озрачен миг на авторовата свест, што, природно, не е без последици по тоа финално дело. Меѓутоа, тука не станува збор за некаква профана инспирација. Денес е невозможно така да се нарече таа предтворечка состојба, која не ја става својата единствена карта врз искрите на случајните импулси, туку е длабоко и свесно трагање по вистинскиот и единствено можен пресек на бројни компоненти, кои едно дело го прават уметничко. И ако е точно дека историјата на модерната уметност, всушност, е историја на антиуметноста, — да парафразираме една убава мисла изречена по повод Стендал, — тогаш е лесно да се согледаат корените на несвесните процеси кои доведоа до таквиот однос на творецот спрема можните патишта на уметноста.

Имено, содржината е неминовна. Таа е сеприсутна, многустрана и сконцентрирана на својата вистина. Денес е бесмислено нејзината природа да се објаснува надвор од издиференцираните критериуми што тргнуваат од комплетната, „условена“ психофизичка конституција на уметникот, па сè до мистичниот агол што за себе го одбрал во светот; значи, надвор од свеста за чистата творечка проекција на внатрешните процеси што се детерминираат од средината, од времето и од условите. Доколку се потешки и непристапни врвиците од нивните вистински мотиви во едно уметничко дело, дотолку тоа е поблиску до својот единствен можен Олимп, што духот си го поставил себеси за

цел. Во тоа се состои неговата слобода и неговото ропство. Зашто, уметноста (го сакала тоа или не, го признавала тоа или го одречувала) секогаш тргнува од човекот, за да му се врати како пречистена диогеновска светлина.

Кога го велиме ова, пред сè го имаме на ум ликовното творештво на Симон Шемов, зашто токму во неговата игривост и неограничена способност за содржински транслации од објективната стварност до сензорите во уметникот и обратно, неговата способност да ги разурнува границите меѓу реалното и имагинарното, да се поигрува со фантазијата во правта на секојдневието, секогаш одново и свечено се отвора пред нас во таинствената светлина на реминисцентните слики, фиксирани на неговите платна и цртежи. Човекот и одново човекот! — но секогаш изнесен од себе самиот, свртен надвор со сета своја непреводлива внатрешеност. Дури и неговите аркадични пејзажи од циклусот слики под заеднички наслов „Пантеисти" претставуваат најостварен контакт во самиот себе, со понесениот лирски свет на детството, обликувано од топлото поднебје што го отвора своето широко јужно срце за секој оној што сака да влезе во него. „. . .Почвата во која живееме преминува, под влијание на атмосферската влага и топлината, во нашите тела и им дава боја и изглед, и ги одредува карактерот и правецот на нашиот начин на живеење и на нашите постапки. . ." — пишува на едно место Иво Андриќ. И не само „Пантеистите", ооевските мотиви, прскалките, жетварите и летните огнови, туку сето творештво на Шемов најуверливо ја потврдува оваа констатација. Каде и да посегнеме ќе го почувствуваме летното македонско пладне со врели треперења на воздухот, еротската надојденост на природата сета обземена од себе самата, шумна во своите пантеистички пориви, исполнета со симболичното зуење на инсектите што ја осмислуваат со своите оплодувачки преселби. Тоа е македонскиот пејсаж, уловен во сопствените катарзични состојби, во тивката отсутност на сонот, но и во сочниот мрмор на ненадејното разбудување и отворање.

Па сепак, и не детерминиран, препуштен на волјата на гледачот, на неговите емотивни потреби и потраги, овој пејзаж е секогаш доволно автентичен, доволно индивидуален за да се открие од препознатливоста, за да ги воскресне боите и формите и секогаш одново да се пресоздава на нов и невиден начин.

Непосредноста во визуелниот контакт со сликите од периодот на „Пантеистите“ е основен белег и на сите подоцнежни дела на Симон Шемов, меѓутоа, слободно може да се рече дека со нив е антиципиран еден навистина карактеристичен начин на сфаќање на уметничкиот чин. Тоа, секако, може да се следи на повеќе планови.



С. Шемов: „Жетвари“

На пример, во однос на глобалната изразна структура, во која се појавуваат по својата ограниченост сосема дивергентни елементи. За една херметична ликовна констелација, во која се оди претпазливо, чекор по чекор, нога пред нога, тоа може да биде бизарно и неприфатливо, меѓутоа, токму за овој атвор е карактеристично непочитувањето на ликовната етикеција, непочитување кое оди до спротивставување, осмислено и насочено кон разбивање на закоравени сфаќања на светот на ликовното. Неговите ликовни интервенции во природата (на планината „Кораб“) и во урбани средини („Расцветан булевар“ — ЈНА, во Скопје — или особени арматури на надвозникот кај „Даут-



БИБЛИОТЕКА
МСУ-Скопје

пашин амам“ — Скопје), покажаа дека тој напор е извонредно плодоносен и покрај својата краткотрајност, зашто отвора неслутени патишта кон човекот и кон неговата закостената свест за средината во која живее. И, сосема доследен на тие потходи, Шемов го пренесува ова искуство и на малите формати, на еден навистина рафиниран начин, кој отвора исто така и нови можности за толкување и анализи.

Понатаму, во светлината не неговите *приоритетни вистини* — нема приоритетни бои и форми, ниту приоритетни содржини. Тие израснуваат едни од другите и одново се слеваат во својата пантеистичка комплетност. Тоа е чекор од седум милји до ликовниот пантеизам во кој сезнаечкиот уметник, со своите ex cathedra поуки е тотално демистифициран, што значи дека е демистифицирано и неговото творештво, дека се сфаќа и се прифаќа себеси единствено како творечка еманација на разбудената свест, која го експонира акумулираниот квантум сознанија.

И можеби тука некаде треба да ги бараме корените на интегралниот реализам, во смисла на крошничките со храна од египетските фрески, кој на некои од неговите слики се јавуваат во најпречистен вид (на пример, на скиците за мозаикот „Скокање преку виножито“), а во покомплексните дела составени од повеќе слики претставува неодминлив фактор при нивната критичка анализа. Дотолку повеќе што таквиот пристап го раздвижува просторот на сликата, умножувајќи ја нејзината димензионалност и внесувајќи го во неа времето.

Природно, од овие појдовни точки Шемов можеше интензивно да го проширува својот творечки видокруг, можеби не толку во изнаоѓањето нови содржини со кои и онака обилува неговото творештво, колку во изнаоѓањето патишта до нив или, поточно, во изнаоѓањето решенија за ликовно транспонирање на еден свет во кој секоја појава, навика, игра, спомен, збор, траума или радост претставуваат вистинска причина да му се пријде на материјалот и ликовно да се обработи.

Ако сега ја проследиме развојната трага на ликовниот израз од „Пантеистите“, преку неговите *питачи, машините за правење асфалт, прскалките, историските и легендарните мотиви,* па сѐ до *детските игри,* лесно ќе воочиме една парадоксална спрега на искуства и решенија. Имено, останувајќи, од една страна, по-

стојано во дослух со првичната возбуда на создавањето, од друга страна, Шемов постојано ќе ѝ спротивставува нови сознанија, иако низ сите фази е проникано едно исто светочувствување, еден ист творечки сензибилитет. Токму затоа, единствено на целокупниот ликовно-изразен конгломерат на неговиот сликарски опус е незамисливо без тие спротивставувања кои интензивно го акцелерираат вниманието на гледачот.

Меѓутоа, таа постапка на спротивставување не е еднostранчива, не се задржува само на некои од проблемите на ликовното создавање. Мошне смело и умело, без предрасуди, со неа Шемов го пронижува делото во сите насоки. На сликата „Излози", на пример, од една страна ќе се сретнеме со елементи на повеќе сосема различни постапки — од импресионистичката, па преку еден вид асоцијативен експресионизам, до надреалистичката постапка, од друга страна, пак, ќе нè изненади колористичкиот меланж со нагли менувања на интензитетот и топлината на боите, па упадливото присутство и не помалку упадливото отсуство на фигуративните елементи и така натаму. Токму затоа, смислата на оваа и на другите слики со слична изразна структура не можеме да ја врземе само за една од нејзините компоненти, зашто таа го принудува нашиот поглед да се движи и да се соочува со една инкарнирана стварност на спротивности, судрувања и недоразбирања, кои единствено така сплеткани во неразврзлив јазел можат да постојат околу нас и во нас.

Врз исти принципи е градена и сликата „Детски игри" (320 x 320 см), со тоа што тука палетата се сели од јавето на возрасен човек во пределите на детската мисла, или детскиот сон, каде сè се прескокнува, го бара своето место, настојува да се дефинира меѓу хуморот и гротеската. Сето она што ја раздвижува, што ја воспалува детската мечта, сето она што може да прерасне од играчка во плачка, забранетите а посакувани нешта, живеат на оваа слика мошне интензивно и уверливо. Игривоста на боите, на содржинските елементи, и на изразните постапки, присутни на целата површина на сликата, нагло го покренуваат механизмот на видот, не дозволувајќи му да здивне сè додека не се отргне од платното. Природно, во таа динамичност што ѝ е иманентна на сликата се наоѓаат и импулсите на асоцијативните процеси кои во нашите очи ја прават сликата детски-возрасна.

За тоа посебно придонесува цртежот на сликата. Најчесто и тој е во една незапирлива опонентност спрема основата, која се обидува да го скроти. Оттаму доаѓа и оној толку евидентен напон дури и на сликите на кои одвај ќе ја препознаеме приказната. Засилен со перманентно триење на боите, кои се во постојана борба за избивање на преден план, — иако до тој преден план доаѓаа дури сите заедно, свесно организирани во една ликовна целина, — овој напон прераснува во незапирлива игра, како единствена причина и единствена последица, и конечно, како единствена смисла на творечкиот чин.

Тоа, толку доминантно присуство на цртежот на платната на Симон Шемов е сосема разбирливо со оглед на неговото навистина богато искуство на тој план. Шемов како да ги опител сите страни на цртачките техники и сега нивниот сублимат го ползува во работата со масло, со што во голема мерка ги збогатува сопствените изразни можности. Меѓутоа, треба да се нагласи дека доминацијата на цртежот започна вистински да се чувствува дури на сликите од неговите „детски игри", каде и самиот приод кон содржините мораше да го изнуди тоа. Транспонацијата на елементите на детскиот цртеж на сликите од овој циклус, меѓутоа, не значи дека можеме едноставно да ги сведеме на нивото на детскиот цртеж. Напротив, задржувајќи ги чистотата и невиноста на потегот на детската рака, Шемов настојува низ него да преточи некои реминисцентни бранувања, но истовремено да ги синтетизира сопствените животни и творечки искуства. Може да се рече дека во овој циклус мајсторски е доловено сето богатство и непредвидливост на детскиот живот, сета способност за воочување и загатнување.

Но она што се чини пресудно за објаснувањето на овие слики и на целокупното творештво на Шемов, тоа е нераскинливата врска што „Детски игри" ја воспоставуваат меѓу сознанијата и животниот ритам на возрасниот човек и првите свесни сензации што ги понесува од палавото детство, и кои подоцна ќе се јават како патокази на неминовното чекорење низ животот. Најпосле, и како неисцрпни регенератори на нужниот квантум оптимизам пред Сцилите и Харидбите на секојдневието.

Зошто творечкиот пат на Шемов, неговото прво вистинско, сигурно зачекорување во светот на ликовното создавање започна токму со „Пантеистите“ и зошто го добивме најпречистено, најрафинирано — а во изразна смисла доведено до перфекција — токму во обемниот циклус „Детски игри“? Одговорот на ова прашање, секако, треба да се бара во творечкиот простор меѓу тие две фази.



С. Шемов: „Скреж“

Имено, ако внимателно, хронолошки го проследиме развојот на содржините во целокупниот опус на Симон Шемов, ќе забележиме дека настојувањето да го дефинира сопствениот уметнички говор, во настојувањето да го спитоми визионерскиот хаос, испревртените наслојки на сознанието, латентните рефлексивни и емотивни процеси, — исполнувајќи го меѓупросторот со дела инспирирани од легендите, историското минато или, пак, од секојдневието (питачи, поправач на чадори и сл.) — тој сѐ повеќе се доближува до човекот. Посегнувајќи во веќе конституираната свест на поединецот, Шемов дел по дел, од слика на слика, ги разоткрива нејзините врутоци, секогаш со извонреден усет за иронична парафраза на нејзините текови. И

тоа благодарение на деталјот, кој е мошне карактеристичен за неговите понови дела и кој му овозможува да ја усвои гротескатa, без која поттекстот на сликата секогаш би останал малку замаглен.

*

Иако наскоро ќе имаме можност поспокојно и во адекватен простор, уште еднаш да ги погледнеме поновите ликовни остварувања на Симон Шемов, што ќе ни даде можност и уште еднаш да им се навратиме, веројатно од нов агол, можеме да заклучиме дека тие, како и сето она што творечки им претходеше, претставуваат вредна и трајна заложба за современото македонско и југословенско ликовно творештво.

ПРИЛОГ:

1. „Портрет", туш на хартија, 1960, 40 x 39 см. Сопственост на Л. Шемова,
2. „Женски акт", масло на платно, 1960, 70 x 40 см. Сопственост на Марија Деспотовска,
3. „Мајка и деца", масло на платно, 1960, 120 x 83 см. Сопственост на авторот.
4. „Автопортрет", масло на платно, 1962, 120 x 70 см. Сопственост на авторот.
5. „Визба", масло на платно, 1962, 105 x 87 см. Сопственост на авторот.
6. „Композиција", масло на картон, 1962, 56 x 65 см. Сопственост на авторот.
7. „Две фигури", масло на платно, 1960, 105 x 100 см. Сопственост на авторот.
8. „Студија за трн I", хемиски молив на хартија, 1963, 29 x 20 см. Сопственост на авторот.
9. „Женска фигура", масло на платно, 1963, 120 x 70 см. Сопственост на Д. Аксентиевиќ, Белград.
10. „Пејзаж I", гваш на хартија, 1963, 37 x 30 см. Сопственост на авторот.
11. „Пејзаж", гваш на хартија, 1963, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
12. „Стебло", гваш на хартија, 1963, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
13. „Појадок на трева", лавиран туш во боја на хартија, 1963, 70 x 51 см. Сопственост на авторот.
14. „Студија на глава", масло на платно, 1963, 45 x 49 см. Сопственост на авторот.
15. „Пејзаж", масло на лим, 1963, 52 x 41 см. Сопственост на авторот.
16. „Венера" (според Лука Кранах), масло на лесонит, 1963, 55 x 40 см. Сопственост на авторот.

17. „Бел женски акт“, масло на платно, 1963, 93 x 80 см. Сопственост на авторот.
18. „Бел акт“, масло на платно, 1963, 50 x 80 см Сопственост на Димче Арсовски, Скопје.
19. „Бутрак I“, туш-гваш на хартија, 1964, 48 x18 см. Сопственост на Петар Велев, Скопје.
20. „Пејзаж I“, масло на платно, 1964, 59 x 80 см. Сопственост на авторот.
21. „Портрет“, мозаик-природен камен, 1964, 100 x 100 см. Сопственост на Миодраг Јанушевиќ, Белград.
22. „Варијанта на тема Лас Менинас“, масло на лесонит, 1964, 140 x 140 см. Сопственост на Драгослав Аксентиевиќ, Белград.
23. „Мртва природа“, масло на платно, 1964, 50 x 80 см. Сопственост на Ристо Ангушев, Кавадарци.
24. „Пејзаж II“, масло на платно, 1964, 65 x 80 см. Сопственост на Љубица Мазева, Скопје.
25. „Пејзаж III“, масло на платно, 1964, 60 x 70 см. Сопственост на Верка Хаџиманова, Скопје.
26. „Појадок на трева“ (според Клод Моне), масло на платно, 1963, 100 x 80 см. Сопственост на авторот.
27. „Бутрак II“, цртеж-гваш на хартија, 1964, 60 x 40 см. Сопственост на Кирил Темков, Скопје.
28. „Трн I“, масло на платно, 1964, 100 x 50 см. Сопственост на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје.
29. „Трн II“, масло на платно, 1964, 66 x 45 см. Сопственост на авторот.
30. „Тревка“, цртеж-гваш на хартија, 1964, 25 x 33 см. Сопственост на авторот.
31. „Скреж I“, туш-гваш на хартија, 1964, 42 x 59 см. Сопственост на Илинка Глигорова.
32. „Скреж II“, туш-гваш на хартија, 1964, 21 x 30 см. Сопственост на авторот.
33. „Во знак на Жан Реноар“, цртеж-гваш на хартија, 1965, 54 x 56 см. Сопственост на авторот.
34. „Козар и жетвари“, цртеж-акварел на хартија, 1965, 24 x 56 см. Сопственост на авторот.
35. „Жетвари и скреж“, цртеж-гваш на хартија, 1965, 41 x 53 см. Сопственост на авторот.
36. „Жетвари I“, цртеж-гваш на хартија, 1965, 48 x 53 см. Сопственост на авторот.
37. „Жетвари II“, туш-гваш на хартија, 1965, 43 x 57 см. Сопственост на авторот.
38. „Пан и желка“, туш-гваш на хартија, 1965, 49 x 42 см. Сопственост на авторот.
39. „Жетвари и пладне“, туш-гваш на хартија, 1965, 60 x 60 см. Сопственост на авторот.
40. „Жито II“, цртеж-гваш на хартија, 1965, 29 x 113 см. Соптвеност на авторот.
41. „Раштани“, масло на платно, 1965, 127 x 90 см. Сопственост на авторот.
42. „Клас“, масло на штица, 1965, 40 x 40 см. Сопственост на Вера Мазева, Скопје.
43. „Врапчиња“, цртеж-гваш на хартија, 1966, 20 x 28 см. Сопственост на Петар Велев, Скопје.

44. „Мртви врапчиња", цртеж на хартија, 1966, 65 x 90 см. Сопственост на Уметничката галерија „Даутпашин амам", Скопје.
45. „Актови", масло на платно, 1966, 140 x 200 см. Сопственост на Работничкиот универзитет во Струмица.
46. „Желки I", масло на платно, 1966, 92 x 142 см. Сопственост на авторот.
47. „Желки II", масло на платно, 1966, 80 x 100 см. Сопственост на Работничкиот универзитет во Струмица.
48. „Сонот на каменот", масло на платно, 1966, 175 x 145 см. Сопственост на авторот.
49. Цртеж I", комбинирана цртачка техника на хартија, 1966, 80 x 60 см. Сопственост на Brian Hayles, Лондон.
50. „Цртеж II", комбинирана цртачка техника на хартија, 1966, 80 x 60 см. Сопственост на Brian Hayles,, Лондон.
51. „Цртеж III", комбинирана цртачка техника на хартија, 1966, 80 x 60 см. Сопственост на Brian Hayles, Лондон.
52. „Цртеж IV",комбинирана цртачка техника на хартија, 1966, 80 x 60 см. Сопственост на Brian Hayles, Лондон.
53. „Афион", цртеж-гваш, 1966 25 x 168 см. Сопственост на авторот.
54. „Оовски зуј", масло на платно, 1966, 148 x 78 см. Сопственост на авторот.
55. „Оовски пушач", масло на платно, 1966, 84 x 58 см. Сопственост на авторот.
56. „Оовски зуј", цртеж-гваш на хартија, 1966, 168 x 50 см. Сопственост на авторот.
57. „Жетвари III", гваш на хартија, 117 x 60 см. Сопственост на авторот.
58. „Арханѓел", гваш на хартија, 1966, 50 x 35 см. Сопственост на авторот.
59. „Студија на камен", молив на хартија, 1966, 31 x 28 см. Сопственост на авторот.
60. „Жетвари под трн", туш-гваш на хартија, 1966, 85 x 60 см. Сопственост на авторот.
61. „Презреани нерешки плодови I", масло на платно, 1967, 109 x 109 см. Сопственост на авторот.
62. „Презреани нерешки плодови II", туш-гваш-акварел, 1967, 52 x 42 см. Сопственост на Петар Велев, Скопје.
63. „Презреани нерешки плодови III", туш-гваш, 1967, 41 x 58 см. Сопственост на Петар Велев, Скопје.
64. „Цртеж V", цртеж, 1967, 60 x 70 см. Сопственост на Mr. Danzing, Лондон.
65. „Цртеж VI", цртеж, 1967, 60 x 70 см. Сопственост на Mr. Danzing Лондон.
66. „Пантеист I", масло на платно, 1967, 140 x 140 см. Сопственост на Живко Јаневски, Скопје.
67. „Свети Ѓорѓија убива ламја I", масло на платно, 1967, 60 x 90 см. Сопственост на Никола Велков, Скопје.
68. „Оовско пладне I", цртеж-гваш, 1967, 169 x 61 см. Сопственост на авторот.
69. Оовско пладне II", цртеж-гваш, 1967 169 x 61 см. Сопственост на авторот.
70. „Магија", цртеж-гваш, 1967 162 x 60 см. Сопственост на авторот.
71. „Машина за асфалт", цртеж-гваш 1967, 169 x 61 см. Сопственост на авторот.

72. „Цртеж VII", цртеж-гваш, 1967 66 x 50 см. Сопственост на авторот.
73. „Цртеж VIII", цртеж-гваш, 1967, 32 x 23 см. Сопственост на авторот.
74. „Цртеж IX", цртеж-гваш на хартија, 1967, 60 x 53 см. Сопственост на авторот.
75. „Цртеж X", цртеж-гваш на хартија, 1967, 60 x 53 см. Сопственост на авторот.
76. „Цртеж XI", цртеж-гваш на хартија, 1968, 50 x 20 см. Сопственост на Виолета Деребанова, Скопје.
77. „Цртеж XII", цртеж-гваш, 1967, 30 x 31 см. Сопственост на авторот.
78. „Мртва природа", молив-акварел, 1967, 42 x 60 см. Сопственост на авторот.
79. „Презреани нерешки плодови IV", 1967, 59 x 78 см. Сопственост на авторот.
80. „Композиција", цртеж-гваш, 1967, 58 x 60 см. Сопственост на авторот.
81. „Летни огнови I", цртеж-гваш, 1967, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
82. „Летни огнови II", цртеж-гваш, 1967, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
83. „Посетете го Виетнам", цртеж-гваш, 1967, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
84. „Камен", цртеж-акварел, 1967, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
85. „Летни пламени под лозјата", цртеж-гваш, 1967, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
86. „Летни огнови III", цртеж-гваш на хартија, 1967, 60 x 60 см. Сопственост на авторот.
87. „Летни огнови IV", цртеж-гваш, 1967, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
88. „Летни огнови V", цртеж-гваш, 1967, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
89. „Цртеж од букви I", цртеж-гваш на хартија, 1967, 85 x 59 см. Сопственост на авторот.
90. „Цртеж од букви II", цртеж-гваш, 1967, 82 x 53 см. Сопственост на авторот.
91. „Композиција", цртеж на хартија, 1967, 50 x 60 см. Сопственост на Kenneth Coutts-Smith, Лондон.
92. „Градина", цртеж на хартија, 1967, 60 x 60 см. Сопственост на Виолета Деребанова, Скопје.
93. „Пантеист II", масло на платно, 1967, 140 x 140 см. Сопственост на Коларчевиот Народен Универзитет, Белград.
94. „Прскалка за син камен I", цртеж на хартија, 1967, 42 x 59 см. Сопственост на Музејот на современата уметност, Скопје.
95. „Оовски зуј II", масло на платно, 1967, 100 x 140 см. Сопственост на Музејот на современа уметност, Скопје.
96. „Летни огнови VI", гваш-цртеж на хартија, 1967, 42 x 59,5 см. Сопственост на Музејот на современа уметност, Скопје.
97. „Сликар и скреж", масло на платно, 1967, 90 x 60 см. Сопственост на Данчо Шемов, Кавадарци.
98. „Пантеист III", масло на платно, 1967, 140 x 140 см. Сопственост на авторот.

99. „Идејна скица за мозаик“ (I), цртеж на хартија, 1968, 60 x 20 см Сопственост на Кемал Сејфула, Скопје.
100. „Идејна скица за мозаик“ (II), цртеж на хартија, 1968, 60 x 20 см. Сопственост на Кемал Сејфула, Скопје.
101. „Идејна скица за мозаик“ (III), цртеж на хартија, 1968, 60 x 20 см. Сопственост на Кемал Сејфула, Скопје.
102. „Идејна скица за мозаик“ (IV), цртеж на хартија, 1968, 60 x 20 см Сопственост на Кемал Сејфула, Скопје.
103. „Прскалка за син камен II“, туш на хартија, 1968, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
104. „Студија за питач I“, молив-акварел на хартија, 1968, 48 x 42 см. Сопственост на авторот.
105. „Студија за питач II“, молив на хартија, 1968, 54 x 42 см. Сопственост на авторот.
106. „Прскалка за син камен III“, цртеж-гваш на хартија, 1968, 69 x 60 см. Сопственост на авторот.
107. „Питач I“, цртеж-гваш, 1968, 70 x 50 см. Сопственост на авторот.
108. „Летна машина“, цртеж-гваш, 1968, 65 x 60 см. Сопственост на авторот.
109. „Лозарство“, гваш на хартија, 1968, 60 x 168 см. Сопственост на авторот.
110. „Комити“, масло на платно, 1968, 170 x 135 см. Сопственост на авторот.
111. „„Оовски пушач I“, масло на платно, 1968, 175 x 225 см. Сопственост на Музејот на современа уметност, Скопје.
112. „Оовски пушач II“, масло на платно, 1968/69, 175 x 225 см. Сопственост на Музејот на современа уметност, Скопје.
113. „Гробот на Јане Сандански“, цртеж на хартија, 1968, 60 x 40 см. Сопственост на Васил Мукаетов, Кавадарци.
114. „Прскалка за син камен IV“, цртеж-гваш на хартија, 1968, 43 x 50 см. Сопственост на Влада Урошевиќ, Скопје.
115. „Камењар“, масло на платно, 1968, 130 x 75 см. Сопственост на Љупка Димитровска, Скопје.
116. „Летно пладне“, масло на платно, 1968, 80 x 64 см. Сопственост на Љупка Димитровска, Скопје.
117. „Ветерничаво небо“, масло на платно, 1968, 200 см. Сопственост на Лилјана Ѓорѓиева, Скопје.
118. „Композиција“, цртеж-гваш, 1967, 60 x 80 см. Сопственост на Denis Bouven, Лондон.
119. „Сноп I“, масло на платно, 1969, 32 x 32 см. Сопственост на авторот.
120. „Машина за асфалт I“, масло на платно, 1969, 100 x 100 см. Сопственост на авторот.
121. „Прскалка за син камен I“, масло на платно, 1969, 135 x 135 см. Сопственост на авторот.
122. „Машина за асфалт II“, масло на платно, 1969, 100 x 100 см. Сопственост на Петар Велев, Скопје.
123. „Комита“, масло на платно, 1969, 70 x 50 см. Сопственост на Александар Лазаров, Скопје.
124. „Композиција“, масло на платно, 1969, 65 x 45 см. Сопственост на Александар Лазаров, Скопје.
125. „Едно утро во планина“, масло на платно, 1969, 265 x 185 см. Сопственост на Уметничката галерија „Даутпашин амам“, Скопје.

126. „Циганка I“, масло на платно, 1969, 41 x 41 см. Сопственост на Ѓорѓи Ѓорѓиев, Скопје.
127. „Лоза I“, туш на хартија, 1969, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.
128. „Сончоглед“, молив-акварел на хартија, 1969, 39 x 30 см. Сопственост на авторот.
129. „Поправач на чадори“, туш-молив-акварел на хартија, 1969, 60 x 52 см. Сопственост на авторот.
130. „Циганка I“, туш-гваш на хартија, 1969, 84 x 60 см. Сопственост на авторот.
131. „Прскалка за син камен V“, цртеж- акварел-пастел на хартија, 1969, 30 x 42 см. Сопственост на авторот.
132. „Едно утро во планина“, цртеж-гваш на хартија, 1969, 59 x 70 см. Сопственост на авторот.
133. „Цветови по дожд“, цртеж-акварел на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
134. „Студија за Св. Ѓорѓи и ламја“, молив-туш на хартија, 1969, 30 x 42 см. Сопственост на авторот.
135. „Свети Ѓорѓи убива ламја I“, туш на хартија, 1969, 30 x 42 см. Сопственост на авторот.



С. Шемов: „Мрсулаво дете“

136. „Воин I“, гваш-пастел на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
137. „Воин II“, цртеж-гваш на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
138. „Воин III“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
139. „Воин IV“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
140. „Воин V“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
141. „Воин VI“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
142. „Воин VII“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
143. „Воин VIII“, молив во боја на хартија, 1969, 30 x 42 см. Сопственост на авторот.
144. „Воин IX“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
145. „Воин X“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
146. „Воин XI“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
147. „Воин I“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
148. „Воин II“, молив во боја на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
149. „Воин XII“, цртеж-гваш на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
150. „Воин XIII“, цртеж-гваш, 1969, 84 x 60 см. Сопственост на авторот.
151. „Воин XIV“, молив-пастел на хартија, 1969, 30 x 21 см. Сопственост на авторот.
152. „Воин XV“, молив-пастел, 1969, 30 x 21 см. Сопственост на авторот.
153. „Воин III“, молив-пастел, 1969, 30 x 21 см. Сопственост на авторот.
154. „Воин IV“, молив-пастел, 1969, 30 x 21 см. Сопственост на авторот.
155. „Воин V“, молив-пастел, 1969, 30 x 21 см. Сопственост на авторот.
156. „Воин VI“, молив во боја на хартија, 1969, 21 x 60 см. Сопственост на авторот.
157. „Воин VII“, молив во боја на хартија, 1969, 21 x 60 см. Сопственост на авторот.
158. „Воин VIII“, молив во боја на хартија, 1969, 30 x 55 см. Сопственост на авторот.
159. „Студија за пантеист I“, хемиски молив на хартија, 1969, 21 x 15 см. Сопственост на авторот.
160. „Студија за прскалка за син камен“, молив-акварел на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
161. „Мал питач I“, туш на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
162. „Старо купувам I“, молив-акварел на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
163. „Студија за пантеист II“, цртеж-акварел на хартија, 1969, 21 x 15 см. Сопственост на авторот.
164. „Лоза II“, цртеж-акварел на хартија, 1969, 60 x 42 см. Сопственост на авторот.

165. „Циганка III“, цртеж- гваш на хартија, 1969, 84 x 60 см. Сопственост на авторот.
166. „Питач II“, молив на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
167. „Студија за пантеист III“, хемиски молив на хартија, 1969, 21 x 15 см. Сопственост на авторот.
168. „Студија за летни огнови“, гваш на хартија, 1969, 38 x 30 см. Сопственост на авторот.
169. „Питач III“, молив на хартија, 1969, 42 x 30 см. Сопственост на авторот.
